



# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

## ДИСЛОКАЦИЈА НА ФОТОВОЛТАИЧЕН (СОЛАРЕН) СИСТЕМ

**Основната намена на колекторот во Карпош 2, беше напојување со електрична енергија на семафорите на улиците Никола Тесла и Орце Николов. Функционираше безпрекороно, но поради изведба на приватен објект, на самото место, овој систем мора да се дислоцира бидејќи влегува во градежна зона. Семафорите ги префрливме на електрична енергија, тие сега се вратени во функција и се во владение на ЈП „Улици и патишта“. Сето тоа се изработи перфектно, а нашиот фотоволтаичен (соларен) систем ќе го дислоцираме во паркот Делфина. Самиот фотоволтаичен (соларен) систем има моќност околу пет киловати. Со неговата дислокација паркот ќе биде напојуван со електрична енергија независно. Дел од потребната електричната енергија за осветлување ќе се намали за околу пет киловати, и ќе биде меѓу првите паркови во Македонија кој ќе има независен систем на снабдување со соларна енергија. Во истата градежна парцела се наоѓаа и неколку столбови за улично осветлување коишто ќе пречат при изградбата. Самиот инвеститор поднесе барање за нивна дислокација и нашите екипи веќе се на терен. Моментално работиме сето тоа да се тргне од таа градежна парцела. Нема да има прекин на електричната енергија, ние ќе го приспособиме системот да функционира беспрекорно, така што граѓаните ќе имаат константно улично осветлување. Екипите работат на дислокацијата на уличното осветлување. Тоа се очекува дека ќе се заврши за еден или два ден. А пак дислокацијата на фотоволтаичен (соларен) систем во паркот Делфина ќе трае малку подолго, бидејќи треба да се наместат нови фундаменти, да се демонтира и истиот повторно монтира. Планирано е крајот на август сето тоа да биде во функција.**

